**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИЕСЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.06.2020 година**

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2020 ГОДИНА**

**Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К**

**Од Четириесеттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.06.2020 година**

Седницата започна во **12:30 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

*Коментар од стручната служба:*

Записникот е усвоен по повторено гласање (побарано и одобрено од Претседателот на Советот на Општина Гази Баба), од причина што членот на советот - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија") упати процедурална забелешка на учество при гласање по Нацрт-Записникот од Триесет и деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба на членот на советот - Милица Бубало, која го заменува Градоначалникот на Општина Гази Баба, со решение за определување на член на Советот на Општина Гази Баба, кој го заменува Градоначалник на Општина Гази Баба, во случаи на спреченост или отсуство, бр.08-2111/1 од 22.06.2020 година. Член 52 став (6) од Законот за локалната самоуправа гласи: *На членот на советот му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува градоначалникот*. Поради изнесеното истакна дека членот на советот- Милица Бубало неможе да учествува во гласањето за периодот кога го заменува градоначалникот.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точките **5**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје и **6**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, да се **симнат** од предложениот дневен ред.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "5" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **15 гласа "ЗА", 8 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "6" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **15 гласа "ЗА", 9 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "5" и "6" се **симнати** од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2020 година;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци";
3. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 83 КО Стајковци; и
4. Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 и КП 451 КО Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2020 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.06.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Командирот на ПС од ОН Гази Баба - Саше Петровски и членовите на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), Елизабета Стојменова (коалиција "За подобра Македонија"), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

*Коментар од стручната служба:*

Во текот на дискусиите водени на комисијата за општествени дејности како матично работно тело и на седницата на советот, на барање на членот на советот м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), Командирот на ПС од ОН Гази Баба - Саше Петровски зеде обврска **до советот да ја достави** информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", **за втората половина од 2019 година**, која поради објективни општопознати причини не беше доставена и по истата не расправал советот на општината, во согласност со член 25 став (1) од Законот за полиција и член 36 став (1) точка 13 од Законот за локалната самоуправа.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци".**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.06.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци", со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 83 КО Стајковци.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 30.06.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 83 КО Стајковци, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 и КП 451 КО Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 и КП 451 КО Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Пред да ја заклучи седницата го информираше советот за содржината на примениот Записник на Државниот управен инспекторат за извршен вонреден инспекциски надзор, ИП1 бр.10-259 од 01.06.2020 година, по поднесено барање за поведување на прекршочна постапка од Општина Гази Баба против Претседателот на Совет на Општина Гази Баба, бр.08-1287/1 од 02.03.2020 година.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **14:05 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот